Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 4

24.02.2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“***

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општина Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“,** донесена на вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-236/1 Општина Демир Хисар**
**24 .02.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2026 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
**за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **„Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина“**.

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 5.215.600,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерство за локална самоуправа во вредност од 4.500.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 715.600,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз

основа на Јавниот повик за финансирање на предлог-проекти за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2026 година, по одделни мерки и активности за рамномерен регионален развој, објавен од страна на Министерството за локална самоуправа.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-228/2 Претседател
24.02.2026 година на Совет на Општина
Демир Хисар Демир Хисар
Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти -верски објект Црква (зграда 1) и помошен објект - трпезарија (зграда 2) изградени на КП бр. 605 КО Обедник во идна урбанистичка планска документација***

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изградени објекти -верски објект Црква (зграда 1) и помошен објект - трпезарија (зграда 2) изградени на КП бр. 605 КО Обедник во идна урбанистичка планска документација, донесена на вонредна седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 24.02.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-236/2 Општина Демир Хисар**
**24 .02.2026 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно игради објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 155/2012), Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бр. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 24.02.2026 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изградени објекти -верски објект Црква (зграда 1) и помошен објект - трпезарија (зграда 2) изградени на КП бр. 605 КО Обедник во идната планска документација, по барање за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти на Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија-Скопје, Преспанско-Пелагониска Православна Епархија Битола, ул.„Ѓуро Ѓаковиќ“ бр.55, Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17-228/3 Совет на општина Демир Хисар
23.02.2026 година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

-----------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање согласност за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **Зголемување на капацитетите на ЈКП „Комуналец“ и Општината Демир Хисар за давање на комунални услуги преку набавка на градежна машина**“------------1-2

2. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација---------------------2-3

**Издава**
**Општина Демир Хисар**
**ул.Битолска бр.8**
**тел.047 552 661, 076 359 831**